**РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Стамен Стојан Стојаноски ТП**
1000 Скопје , ул.Охридска број 50 - 5 , општина Центар , Единствен даночен број : 5032014501859 ; ЕМБС : 6928820 ,
Трансакциска сметка : 300–0000036825–44 кај Комерцијална банка АД Скопје ; 270-0692882001–58 кај ХАЛКБАНК АД Скопје
Тел. / факс : 02 / 2464–789 ; 075 / 717–703 ; e - mail : revizijastojanoski@yahoo.com

Во Скопје , 31.03.2021 година
Деловоден број : 0307 – 54

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT

| Примено: 12.04.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 11/43 | 1 | |

РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Стамен Стојан Стојаноски ТП Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ за 2020 година
на
РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Стамен Стојан Стојаноски ТП од Скопје

Скопје , 31.03.2021 година

Согласно членот 35 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012 , 188/2013, 43/2014, 138/2014, 184/2014 , 145/2015 ,192/2015 , 23/2016 и 83/2018 ) РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Стамен Стојан Стојаноски ТП од Скопје ( во понатамошниот текст : ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје ) , како и насоките за подготовка на извештајот за транспарентност дадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата – СУНР број 0302 – 92/2 од 11.03.2015 година , ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје го објавува следниот

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА

### 1.Опис на правната структура и сопственост на овластениот ревизор - трговец поединец

#### 1.1.Целосен назив на субјектот

Називот на овластениот ревизор – трговец поединец е РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Стамен Стојан Стојаноски ТП Скопје , или кратко име : ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје.

#### 1.2.Опис на правната форма

Овластениот ревизор - трговец поединец е физичко лице кое во вид на занимање врши трговски дејности определени со законот за трговски друштва , законот за ревизија , законот за вештачење , законот за процена , законот за вршење сметководствени работи и други соодветни законски прописи.

#### 1.3.Место на основање и регистрација и држава

Овластениот ревизор - трговец поединец е основан во Скопје со седиште на ул.Охридска бр.50-5 , и е запишан во трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Северна Македонија , Регионална регистрациона канцеларија во Скопје.

#### 1.4.Датум на основање според тековна состојба

Овластениот ревизор - трговец поединец е основан на 31.01.2014 година.

#### 1.5.Регистарски број под кој е заведен субјектот во соодветниот регистар при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија

Во регистарот на овластени ревизори – трговци поединци којшто се води при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – ИОРРМ , овластениот ревизор - трговец поединец е заведен под реден број : ТПО16.

#### 1.6.Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот и датумот на нејзиното издавање

Во регистарот на лиценцирани овластени трговци поединци којшто се води при Советот за унапредување и надзор на ревизијата – СУНР , овластениот ревизор - трговец поединец е заведен со лиценца за работа за вршење на работи за ревизија со регистарски број 11 , и со деловоден број 07-120/1 од 26.03.2014 година.

### 2.Број на вработени лица во субјектот, согласно Законот за работни односи, со состојба на 31 Декември 2019 година и со состојба на датумот на доставување / објавување на Извештајот

-овластениот ревизор - трговец поединец на 31.12.2020 година , како и на 31.03.2021 година има 1 вработен овластен ревизор на неопределено полно работно време ;
-нема вработените на неопределено скратено работно време.

### 3.Опис на сопственичката структура на овластениот ревизор - трговец поединец

Овластениот ревизор - трговец поединец е основан од физичкото лице Стамен Стојан Стојаноски , овластен ревизор кој во вид на занимање врши трговски дејности определени со законот за трговски друштва , законот за ревизија , законот за вештачење , законот за процена , законот за вршење сметководствени работи и други соодветни законски прописи.

Овластениот ревизор Стамен Стојаноски во Регистарот на овластени ревизори - членови на ИОРРМ е заведен под број ОРО29 , а во регистарот на лиценцирани овластени ревизори при СУНР е заведен со регистарски број на лиценца 168 од 03.12.2013 година.

**4.Приоритетната дејност / главна приходна шифра**

Согласно Националната класификација на дејности ( НКД) овластениот ревизор - трговец поединец има приоритетна дејност / главна приходна шифра : 69.20 – сметководствени , книговодствени и ревизорски работи , даночно советување , како и 74.90 – останати стручни ,научни и технички дејности неспомнати на друго место.

**5.Број на подружници на субјектот регистрирани во државата, нивните целосни називи и адресите на нивните регистрирани седишта**

Овластениот ревизор - трговец поединец нема подружници регистрирани во државата.

**6.Број на други друштва во земјата во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност**

Овластениот ревизор - трговец поединец нема други друштва во земјата во кои се јавува како основач и негови поврзани субјекти

**7.Број на подружници на субјектот регистрирани во странство, нивните целосни називи, адресите на нивните регистрирани седишта**

Овластениот ревизор - трговец поединец нема подружници регистрирани во странство

**8.Број на други друштва во странство во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма, адресите на нивните регистрирани седишта и дејност**

Овластениот ревизор - трговец поединец нема други друштва во странство во кои се јавува како основач и негови поврзани субјекти

**9.Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија**

Овластениот ревизор - трговец поединец има годишно осигурување од општа одговорност во износ утврден согласно законот за ревизија и од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – ИОРРМ Скопје – полиса издадена од ЕВРОИНС АД Скопје број 13053000038936/0 од 10.02.2020 година на осигурана сума од 1.845.000,00 денари за период на осигурување од 10.02.2020 година до 10.02.2021 година.Во 2021 година Овластениот ревизор - трговец поединец не врши ревизија, односно ќе престане со вршење на дејноста.

**10.Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа**

Овластениот ревизор - трговец поединец не припаѓа и не членува во некоја професионална меѓународната мрежа.

**11.Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија**

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ од Скопје е основана од физичко лице овластен ревизор Стамен Стојаноски кој воедно е и управител.

**12.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на овластениот ревизор - трговец поединец и изјава од управителот за ефективноста на функционирањето на овој систем**

**12.1.Цели на внатрешниот систем за контрола на квалитет кај овластениот ревизор - трговец поединец според Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1;**

Целта на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на овластениот ревизор – трговец поединец е да воспостави стандарди и обезбеди упатство за одговорноста на овластениот ревизор – трговец поединец за систем на контрола на квалитетот за ревизии и проверки на финансиските извештаи и за други ангажмани за уверување и поврзани услуги согласно Меѓународен стандард за контрола на квалитетот (МСКК) и релевантните етички барања.

**12.2.Поставеност на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Овластениот ревизор – трговец поединец има воспоставено и одржува систем на контрола на квалитетот кој вклучува политики и постапки кои ги имаат во предвид секој од следниве елементи : одговорност на овластениот ревизор – управител за квалитетот кај овластениот ревизор - трговец поединец , релевантни етички барања , прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите и специфични ангажмани , човечките ресурси , извршување на ангажман , следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет и документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

*Изјава потпишана од управителот за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет, е прилог број 1 кон овој извештај.*

**12.3. Одговорност на овластениот ревизор – управител за внатрешниот систем на контрола на квалитет кај овластениот ревизор - трговец**

Овластениот ревизор – управителот , е одговорен за придржувањето кон политиките и процедурите на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

**12.4.Релевантните етички барања**

Овластениот ревизор –управителот , при извршување на ревизорските ангажмани се придржува кон исполнување на етичките принципи : интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување ; како и кон обезбедување доверливост и заштита на податоците согласно меѓународните стандарди за ревизија и кодексот за етика на професионалните сметководители.

**12.5.Политиките кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување од ангажманите**

Овластениот ревизор – управителот , при извршување на ревизорските ангажмани се придржува кон политиките за прифаќање, продолжување или повлекување од ангажманите при што се има во вид компетентноста , способноста и соодветните потребни ресурси , како и интегритетот на клиентите.

**12.6.Политики и процедури кои се однесуваат на човечките ресурси**

Имајќи го во вид фактот да ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ од Скопје е основана на 31.01.2014 година од едно физичко лице овластен ревизор кој воедно е и управител и е вработен на неопределено полно работно време , како и досегашниот обем на ревизорски ангажмани ја наложуваат потребата да во идниот период се посвети внимание на политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси од аспект на: вработување , оценување на вработените , унапредувања на вработените , назначување на одговорно лице на ангажманот, назначувања на членови за ангажманот и , назначување на експерти и специјалисти.

**12.7.Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет од аспект на:**

Во однос на политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет овластениот ревизор обрнува посебно внимание и се придржува кон следното: користење на соодветни компјутерски техники (софтвер и останати ревизорски алатки) , вршење надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет , примена на критериуми за селекција на ревизорските ангажмани - предмет на внатрешна контрола на квалитет , број на спроведени внатрешни контроли на квалитет , опфат на спроведените внатрешни контроли на квалитет , критериуми за избор на лица кои вршат внатрешна контрола на квалитет , навремено комплетирање на ревизорската документација , и архивирање и чување на ревизорската документација.

**12.8.Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет се врши перманентно

**12.9.Политиките и процедурите за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет.**

Документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет исто така се врши перманентно.

**13.Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20 - а од закон за ревизија**

Кај ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ од Скопје на 03.03.2020 е вршена проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20 - а од Закон за ревизија.

**14.Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2020 година**

1.ВИКТОРИЈА ШПЕД ДОО - Скопје – договорна ревизија ;
2.ФАЛКОН ЛОГИСТИК ДОО - Скопје – договорна ревизија;
3.ФРИГО ТЕКНИКА БЕИ ДОО с.Боговиње – законска ревизија;
4.ГУДВУД КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје– договорна ревизија;

**15.Опис и изјава за независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Согласно членот 31 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010 , 158/2010 , 135/2011 , 50/2012 , 188/2013 , 43/2014 , 138/2014 , 145/2015 , 192/2015 , 23/2016 и 83/2018 ) , точката 21 - Независност од Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот ( МСКК ) 1, Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги и одредбите од одделот 290 – Независност – ангажмани за ревизија и проверка и 291 Независност - други ангажмани за уверување од Кодексот за етика на професионалните сметководители („Службен весник на Република Македонија" бр 79/2010) кај овластениот ревизор - трговец поединец постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени , односно има воспоставено политики и постапки кои се дизајнирани да обезбедат разумно уверување дека овластениот ревизор и експертите со кои овластениот ревизор - трговец поединец има склучено договори, ја одржуваат независноста која што се бара со релевантните етички барања , односно дека не постои конфликт на интереси и повреда или нарушување на независноста.

*Изјавата за независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени е прилог број 2 кон овој извештај.*

**16.Опис и изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластениот ревизор во текот на 2018 годината**

Поради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата , согласно членот 28 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012 , 188/2013, 43/2014, 138/2014, 184/2014 , 145/2015 ,192/2015 , 23/2016 и 83/2018) ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ од Скопје ја следи политиката за континуирано професионално усовршување на овластениот ревизор преку присуство на обуките организирани од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – ИОРРМ , при што за 2019 година има присуство од 60 часови.

Воедно овластениот ревизор редовно ги следи теоретските и практичните новини од областа на сметководството и ревизијата како од домашни така и од странски автори.

*Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор - трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на 2020 година е прилог број 3 кон овој извештај*

**17.Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги**

**17.1.Список (листа) на услуги кои ги нуди субјектот**

69.20 – Сметководствени , книговодствени и ревизорски работи , даночно советување ;

-вршење на работи на ревизија согласно Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија за овластен ревизор - трговец поединец на ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје , со регистарски број на лиценца 11 издадена од Република Македонија , Совет за унапредување и надзор на ревизијата бр.07-120/1 од 26.03.2014 година ;

-вршење на сметководствени работи, согласно Лиценца , бр. 51 0010 од 22.05.2017 година издадена од Институтот на сметководители и овластени сметководители ;

74.90 – Останати стручни , научни и технички дејности неспомнати на друго место :

-вештачење од областа на материјалното , сметководственото и финансиското работење согласно Лиценца за вештачење од областа на материјалното , сметководственото и финансиското работење број 08-883/2 од 07.02.2019 година и издадена од Република Македонија , Министерството за правда.

-процена од областа на трговско друштво , јавно претпријатие и други правни лица , согласно Лиценца број 15 – 1210/2 од 21.02.2014 година издадена од Република Македонија , Министарство за економија , евидентирана под број ТД - 37 ;

-процена од областа на подвижен имот , согласно Лиценца број 15-1231/2 од 26.02.2014 година , издадена од Република Македонија , Министарство за економија , евидентирана под број ПИ – 37;

-процена од областа на недвижен имот согласно Лиценца број 0123 – Н од 28.02.2014 година , издадена од Република Македонија , Министерство за транспорт и врски , евидентирана под број 0123 – Н ;
-процена од областа на побарувања и обврски согласно Лиценца број 12 – 7621/3 од 27.03.2014 година , издадена од Република Македонија , Министерство за финансии ,евидентирана под број 12 – 7621/3 .
-процена од областа на машини и опрема согласно Лиценца број МО – 34 од 08.07.2014 година , издадена од Република Македонија , Министерство за економија ,евидентирана под број 1209/2.
-процена од областа на индустриска сопственост согласно Лиценца број ИС – 22 од 08.07.2014 година , издадена од Република Македонија , Министерство за економија ,евидентирана под број 15 – 1503/2 .

69.10/4 – Други правни работи

-медијација , согласно сертификатот за завршена обука за медијатор од 17.07.2007 година ,

## 17.2.Финансиска информација за вкупните приходи за 2019 година и за 2018 година

| Реден број | ОПИС | за 2020 година | Структура во % | за 2019 година | Структура во % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Износи во 000 денари | | | |
| 1 | Услуги на ревизија на годишни сметки и консолидирани сметки ( Согласно МСР) | 293 | 19% | 634 | 55% |
| 2 | Дополнителни услуги за уверување во квалитет ( согласно други релевантни објави на IFAC прифатени во РСМ | - | 0% | - | 0% |
| 3 | Даночни советодавни услуги ( на пример услуги на сметководство , проценки , консалтинг , интерна ревизија и други услуги | 1.084 | 70% | 914 | 79% |
| 4 | Други неревизорски услуги ( на пример услуги на тренинг , преводи , и останати услуги ) | - | 0% | - | 0% |
| | ВКУПНО : | 1.377 | 89% | 1.548 | 134% |

## 18.Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

При утврдување на хонорарот на овластениот ревизор во ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ од Скопје се имаат во вид повеќе елементи и тоа договорената цена на ревизорскиот ангажман , обемот и сложеноста на ревизорскиот ангажман , бројот на часови потребен за извршување на ревизорскиот ангажман. , а секако во вид се има одговорноста , постигнатите резултати и сопственоста на овластениот ревизор – трговец поединец.

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје

Управител ,

Стамен Стојаноски

Прилог број 1

**Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Согласно Законот за ревизија , Предговор на меѓународните стандарди за контрола на квалитет, ревизија, проверка и други ангажмани на уверување и поврзани услуги , МСР 220 - Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи ,Овластениот ревизор – трговец поединец ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје при извршување на ревизорските ангажмани доследно се придржува кон донесените политики за контрола на квалитетот со што се настојува постигнување на ефективност на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

Во Скопје на ден 31.03.2021 година

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје
Управител
Стамен Стојаноски

Прилог број 2

**Изјава за независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени.**

Согласно членот 31 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012 , 188/2013, 43/2014, 138/2014, 184/2014 , 145/2015 ,192/2015 , 23/2016 и 83/2018 ), точката 21 - Независност од Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот ( МСКК ) 1, Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги и одредбите од одделот 290 – Независност – ангажмани за ревизија и проверка и 291 Независност - други ангажмани за уверување од Кодексот за етика на професионалните сметководители („Службен весник на Република Македонија" бр 79/2010) кај овластениот ревизор - трговец поединец постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени , односно има воспоставено политики и постапки кои се дизајнирани да обезбедат разумно уверување дека овластениот ревизор и експертите со кои овластениот ревизор - трговец поединец има склучено договори, ја одржуваат независноста која што се бара со релевантните етички барања , односно дека не постои конфликт на интереси и повреда или нарушување на независноста.

Во Скопје на ден 31.03.2021 година

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје
Управител ,
Стамен Стојаноски

Прилог број 3

**Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластениот ревизор во текот на 2019 година**

Поради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата , согласно членот 28 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012 , 188/2013, 43/2014, 138/2014, 184/2014 , 145/2015 ,192/2015 , 23/2016 и 83/2018 )ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ од Скопје ја следи политиката за континуирано професионално усовршување на овластениот ревизор преку присуство на обуките организирани од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – ИОРРМ , при што за 2019 година има присуство од 60 часови.

Воедно овластениот ревизор редовно ги следи теоретските и практичните новини од областа на сметководството и ревизијата како од домашни така и од странски автори.

Во Скопје на ден 31.03.2021 година

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈАНОСКИ Скопје
Управител
Стамен Стојаноски